‚Да. Ни наредуваше, кога сме на патување – или кога сме патници – да не ги соблекуваме нашите кожени чорапи три дена и три ноќи, освен во случај на џенабет; но не и поради голема нужда, мокрење или сон.’

Зир бин Хубејш раскажува: „Дојдов кај Сафван бин Асал ел-Муради за да го прашам за месхот врз кожните чорапи (местви). Тој ме праша: ‚Што те доведе, о Зир?’ Јас реков: ‚Барањето на знаење.’ Тој рече: ‚Навистина, мелеците ги спуштаат своите крилја за оној што трага по знаење – задоволни со она што го бара.’ Јас реков: ‚Ми се појави двоумење околу месхот врз кожните чорапи по извршување мала или голема нужда, а ти си човек од асхабите на Веровесникот, салаллаху алејхи ве селем, па дојдов да те прашам дали си го слушнал да спомне нешто во врска со тоа?’ Тој рече: ‚Да. Ни наредуваше, кога сме на патување – или кога сме патници – да не ги соблекуваме нашите кожени чорапи три дена и три ноќи, освен во случај на џенабет; но не и поради голема нужда, мокрење или сон.’ Јас реков: ‚Дали си го слушнал да спомнува нешто за страста?‘ Тој рече: ‚Да. Бевме со Веровесникот, салаллаху алејхи ве селем, на патување, кога одеднаш еден бедуин го повика со гласен повик: ‚О, Мухамеде!‘ – па му одговори Веровесникот, салаллаху алејхи ве селем, со глас сличен на неговиот: ‚Еве сум.‘ Ние му рековме: ‚Тешко тебе, снижи го својот глас, затоа што си пред Веровесникот, салаллаху алејхи ве селем, а тоа е забрането.‘ Но тој рече: ‚Се колнам во Аллах, нема да го снижам.‘ Бедуинот праша: ‚Човек сака еден народ, а уште не се придружил кон нив?‘ Веровесникот, салаллаху алејхи ве селем, рече: ‚Човекот ќе биде со оној кого го сака на Денот на оживувањето.‘ Потоа продолжи да ни раскажува, сè додека не спомна за една врата на западната страна, чија широчина е колку патување, или патник би патувал низ нејзината широчина четириесет или седумдесет години.“

[صحيح] [رواه الترمذي وابن ماجه وأحمد]

Зир бин Хубејш дошол кај Сафван бин Асал, Аллах нека е задоволен со него, за да го праша за месхот врз кожните чорапи. Сафван го праша: „Што те доведе, о Зир?“ Тој одговори: „Барањето на знаење.“ Сафван рече: „Навистина, мелеците ги спуштаат своите крилја од почит за оној кој трага по знаење – изразувајќи задоволство и величење за она што го прави.“ Зир рече: „Се двоумев околу месхот врз кожните чорапи по извршувањето мала и голема нужда, а ти си од асхабите на Веровесникот, салаллаху алејхи ве селем. Затоа дојдов да те прашам: дали си го слушнал Веровесникот да спомне нешто во врска со тоа?“ Сафван одговори: „Да. Тој ни наредуваше, кога сме патници, да не ги соблекуваме кожните чорапи три дена и три

ноќи поради мала нечистотија – како што се голема нужда, мокрење и сон. Но, во случај на џенабет, задолжително беше да се соблечат.“ Зир праша: „А дали си го слушнал да спомне нешто во врска со љубовта?“ Сафван рече: „Да. Бевме со Веровесникот, салаллаху алејхи ве селем, на едно патување, кога еден бедуин го повика со висок глас: ‚О, Мухамеде!‘ – а тој, салаллаху алејхи ве селем, му одговори со глас сличен на неговиот: ‚Еве сум.‘ Ние му рековме: ‚Тешко тебе, снижи го својот глас, зашто си пред Веровесникот, салаллаху алејхи ве селем, а забрането е да се крева гласот пред него.‘ Но тој, поради својата грубост, рече: ‚Се колнам во Аллах, нема да го снижам.‘ Потоа бедуинот праша: ‚О, Божји пратенику, човек ги сака праведните луѓе, а не работи дела како нив?‘ Веровесникот, салаллаху алејхи ве селем, рече: ‚Човек ќе биде со оној кого го сака на Денот на оживувањето.‘“ Зир рече: „Сафван продолжи да ни раскажува сè додека не спомна дека постои една врата за покајание од страната на Шам, која Аллах ја создал уште кога ги создал небесата и земјата. Низ нејзината широчина патникот би патувал четириесет или седумдесет години. Таа нема да се затвори сè додека сонцето не изгрее од запад.“

http://www.sunnah.global/hadeeth/mk/show/4565